РепубликаСеверна Македонија
Министерство за животна
средина и просторно планирање
Државен инспекторат за
животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria ambientit jetësor
dhe planifikimit hapësinor
Inspektorati shtetëror i
mjedisit jetësor

Архивски бр: ИП1 30-1168
Датум: 04.12.2025 година

[redacted]

Државен инспекторат за
животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2, 5-спрат
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail:info@sei.gov.mk
Моб: +389 70 286 698

**Inspektorati shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2, kati -5të
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Државниот инспекторат за животна средина преку Хасан Рустеми, со службена легитимација број 06-0004, изврши редовен инспекциски надзор во општина Охрид како иматели на светското природно наследство во Охридскиот регион. Со Записник бр. ИП1 30-1168 од 27.11.2025 година, ја утврди фактичка состојба и врз основа на член 43 став (2) од Законот за управување со светско природно и културното наследство во Охридскиот регион сл.Весник на РМ, со бр.75/2010, како и член 172 и 174 од Законот за заштита на природата (Сл. весник на РСМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18, и Сл.весник на РСМ бр. 151/21 и 03/2025) донесе:

# РЕШЕНИЕ

Со кое **СЕ НАРЕДУВА** општина Охрид со адреса ул. Димитар Влахов бр.57, Охрид, претставувана од градоначалникот Кирил Пецаков, како иматели на светското природно наследство да ги отстране недостатоците утврдени со записник ИП1 бр. 30-1168 од 27.11.2025 година и тоа:

1. Да постави знак на светското наследство на определени места на територија на општина Охрид,

Рок: 90 (деведесет) дена од од приемот на решението

2. Да постави видливи ознаки за режим на привремена заштита на Студенчишко Блато,

Рок: 90 (деведесет) дена од од приемот на решението.

3. Субјектот на инспекцискиот надзор од точка 1 и 2 на оваа решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

4. Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување.

РепубликаСеверна Македонија
Министерство за животна
средина и просторно планирање
Државен инспекторат за
животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria ambientit jetësor
dhe planifikimit hapësinor
Inspektorati shtetëror i
mjedisit jetësor

[redacted]

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина изврши редовен инспекциски надзор во општина Охрид со адреса ул.Димитар Влахов бр.57, Охрид, како иматели на светското природно наследство. При надзорот беа присутни претставници од Државниот инспекторат за животна средина Пејо Кировски–Главен инспектор за заштита на природата, Кирил Илоски–Помошник раководител на сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште, Јасмина Т.Момироска–Раководител на одделение за животна средина и Лупчо Танески–Сектор за комунални дејности собраќај и улици. Согласно редовниот инспекциски надзор се изготви Записник за констатација со бр. ИП1 30-1168 од 27.11.2025 година.

При надзорот се констатира следното: општина Охрид како имател на светско природно и културно наследство нема поставено знак на светско наследство на начин определен во членот 20 став (3) од Законот за управување со светско природно и културното наследство во Охридскиот регион на места во општина Охрид. Исто така на територија на општина Охрид, МЖСПП има донесено Решение за привремена заштита на Студенчишко Блато објавено во „Сл. Весник на РСМ" бр. 164/2021 од 19.07.2021 година, и врз основа на тоа Општина Охрид треба да постави видливи ознаки за режим на привремена заштита на Студенчишко Блато.

Согласно надлежностите што произлегуваат од член 42 и 43 од Законот за управување со светско природно и културното наследство во Охридскиот регион и член 172 од Законот за заштита на природата, Вишиот инспектор за заштита на природата го донесе ова Решение.

Од погоре наведеното сторена е повреда согласно член 48 од Законот за управување со светско природно и културното наследство во Охридскиот регион.

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото Решение, Државниот инспекторат за животна средина преку Вишиот инспектор за заштита на природата ќе поднесе прекршочна, односно кривична пријава пред надлежниот орган, согласно член 200 став 4 од Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07,

Државен инспекторат за
животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2, 5-спрат
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail:info@sei.gov.mk
Моб: +389 70 286 698

**Inspektorati shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2, kati -5të
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë
së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

[redacted]

159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18, и Сл. весник на РСМ бр. 89/22, 171/22 и 03/2025).

Жалбата изјавена против оваа Решение не го одлага неговото извршување согласно член 174-а став 2 од Законот за заштита на природата..

Од погоре наведеното се донесе Решение како во диспозитивот.

Државен инспекторат за
животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2, 5-спрат
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail:info@sei.gov.mk
Моб: +389 70 286 698

**Inspektorati shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2, kati -5të
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë
së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против ова решение, согласно член 84 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ"102/19, 272/24 и 22/25), може да се поднесе жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на Решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Гостивар под број ИП1 30-1168 на ден 04.12.2025 година.

Доставено до:

- Архива
- Општина Охрид, ул.Димитар Влахов бр.57 Охрид

Со почит,

ВИШ ИНСПЕКТОР ЗА
ЗАШТИТА НА ПРИРОДА
д-р Хасан Рустеми